**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003-252/3**

**Скопје, 31.03.2008 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на општина Центар, сметка на Буџетот за 2006 година кои се прикажани на страните 6 и 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема извршено ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Центар за 2005 година како година која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија. Последна извршена ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Центар е за 2004 година, при што за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи е дадено мислење со резерва, додека за наменско и законско користење на средствата е дадено позитивно мислење.

4. Финансиските извештаи, од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Виолета Аларова – градоначалник на општина Центар во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај, е планирана и извршена во периодот од 08.10.2007 до 09.11.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива, и
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*
______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Од страна на Градоначалникот на Општина Центар добиени се забелешки на точките 10.1.1. и 14 од Претходниот извештај и истите не се прифатени, од причина што со забелешките не се доставени дополнителни докази кои би влијаеле на констатираните состојби.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Примена на акти**

11.1.1. Општина Центар не остварува приходи по основ на такса за истакнување реклами, објави и огласи на јавни места, иако во Одлуката за висината на комуналните такси во општина Центар има определено тарифа за истиот, што е спротивно на одредбите од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Законот за комунални такси и Законот за Град Скопје.

11.1.2. Општина Центар не остварува приходи по основ на комунална такса за користење на музика во јавните локали, бидејќи даночната администрација на Градот Скопје, не ја исполнила својата обврска да утврди и наплати приход по овој основ, кој потоа се распределува меѓу Град Скопје и општина Центар, што е спротивно на одредбите Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Законот за комунални такси и Законот за Град Скопје.

Непочитувањето на законските одредби придонесува за помалку наплатени приходи во корист на општината.

**Препорака:**
Надлежните органи на општина Центар да ги преземат следните активности:
- ✓ да се воспостави целосна евиденција (регистар) на обврзници за комунални такси;
- ✓ да се започне со издавање пресметки на обврзниците за комунална такса за истакнување реклами, објави и огласи на јавни места;
- ✓ да се преземе иницијатива и да се воспостави соработка со Градот Скопје за утврдување и наплата на приход по основ на комунална такса за користење на музика во јавните локали;
- ✓ истите да се вклучат во сметководствената евиденција.

### 11.2. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

11.2.1. Ревизијата не се увери во објективноста и реалноста на приходите искажани во финансиските извештаи за 2006 година од следниве причини:

а) Утврдувањето на приходите по основ на даноци на имот и дел од комуналните такси во сметководствената евиденција на општината се темелат на добиените информации и податоци од трезорската канцеларија за извршените плаќања и трансферот на средствата на сметката на Буџетот на Општина Центар. Ова е резултат на постојните законски решенија, согласно кои даночните приходи во име на општина Центар, ги утврдува и наплатува администрацијата на Град Скопје, така што општина Центар не располага со документација за основот за плаќање по даночни обврзници и не е во можност да врши следење на наплатата и потврда на висината на остварениот приход. Целокупната евиденција по даночни обврзници (утврдување на висината на обврската и плаќањето) ја води Градот Скопје, кој до општината доставува извештаи за наплатата и распределувањето на приходите во вкупен износ. Помеѓу Градот Скопје и општината не е воспоставен систем на увид во документацијата на Град Скопје за даночните обврзници од територијата на соодветната општина, така што општината нема можност за воспоставување на контролни постапки;
б) Согласно Законот за даноците на имот, администрацијата на општините во Градот Скопје и администрацијата на Градот Скопје се обврзани да водат регистар на недвижен имот како база на податоци кој ги содржи имињата и адресите на даночните обврзници, вкупната површина на земјиштето и зградите, вредноста на имотот, даночните стапки и решенија за платен данок. Општината нема воспоставено таков регистар, а добиените податоци од Градот, според објаснувањата од одговорните лица во општина Центар не ги задоволува потребите. Наведеното доведува до нецелосно и несоодветно дефинирање и следење на побарувањата од обврзниците.
в) Во повеќе случаеви сметководственото евидентирање на приходите по основ на наплата на комунална такса, чие утврдување и наплата се во надлежност на администрацијата на општина Центар се врши врз основа на пристигнатиот прилив на средства, без да се води грижа за тоа од кого е приливот, дали има пресметки и дали е точен уплатениот износот, што не претставува доволен доказ за комплетноста и вистинитоста на остварените приходи.
г) Во општина Центар нема воспоставено целосна евиденција на должници кои согласно Законот за комунални такси и Законот за градење имаат обврска по различни основи да плаќаат комунални такси и надоместоци. Нецелосната евиденција и невоспоставените контролни постапки, даваат можност да се избегне оваа законска обврска, а со тоа и да не се наплати значителен дел на приходи во корист на општината.
д) Не се врши усогласување со институциите кои во име на општината ја вршат наплатата на приходите, а потоа ја уплаќаат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка на општина Центар. Таков случај е со органот надлежен за регистрација на возилата, трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија, правни или физички лица кои вршат угостителска и туристичка дејност и правно лице на кое му е доверено организирањето и одржувањето на паркинг-плацот.

**Препорака:**

Одговорните лица во општина Центар да преземат активности со цел да профункционира одделението за администрирање на приходи, чија обврска би била :
- ✓ воспоставување целосна евиденција на даночни обврзници;
- ✓ обезбедување документиран доказ за секој прилив на средства;
- ✓ усогласување со институциите кои во име на општината вршат наплата на приходи.

Согласно Законот за даноци на имот, администрацијата на општина Центар и администрацијата на Град Скопје имаат обврска да водат регистар на недвижен имот. Оваа законска одредба, наложува постоење на повеќе регистри, што е непрактично, неекономично и нееднобразно. Со воспоставувањето на еден единствен електронски регистар за Град Скопје и општините во Градот Скопје, ќе се избегнат недостатоците, така што секоја општина во секое време ќе има пристап во регистарот, увид во состојбата и промените на недвижниот имот и ќе може да ја следи наплата на приходите од данок на имот.

### 11.3. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба

11.3.1. Позицијата Побарувања и Пасивни временски разграничувања во Билансот на состојба на 31 декември 2006 година е нереално проценета, односно помалку е искажана за износот на неевиденитраните ненаплатени побарувања по основ данок на имот и комунална такса.
Општина Центар нема добиено известување од службите на Град Скопје за нејзините побарувања по основ на данок на имот и комунална такса. Исто така нема воспоставено регистар на даночни обврзници за кои комуналната такса ја одредува администрацијата на општина Центар. Поради тоа општината нема основни податоци за евидентирање на побарувањата во Билансот на состојба, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Непочитувањето на законските одредби придонесува за нереално и необјективно изготвување на финансиските извештаи.

**Препорака:**
Надлежното одделение на општина Центар да ги обезбеди податоците за побарувањата по основ на даноци и такси кои во нивно име ги пресметува Градот Скопје, како и побарувањата за такси кои ги пресметува општинската администрација и истите да се вклучат во сметководствената евиденција.

12. Според наше мислење, освен наодите изнесени во точките 11.1, 11.2. и 11.3. финансиките извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиката состојба на сметката на Буџетот на општина Центар на 31 декември 2006 година и резултатот од финансиките активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај сметката на Буџетот на Општина Центар, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

14. Во врска со преземените мерки по препораките во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Центар за 2004 година, ревизијата го утврди следното:

- ✓ програмите кои се составен дел на Буџетот на општина Центар за 2006 година се конкретизирани и во нив е наведено кои патишта, улици, паркови и делови од инфраструктурата ќе се градат односно реновираат, но дефинираната рамка на активности е премногу широка, планираните износи се збирно прикажани, така што се добива впечаток дека извршувањето на програмите е минимално, а планирањето површно;
- ✓ постапено е по препораките во делот на наодите за регистрирање на општина Центар како даночен обврзник за данок на додадена вредност;
- ✓ два деловни објекта, изградени согласно договорите за здружување на средства за заедничка градба на деловни простории, се ставени во владение на општина Центар, за истите има обезбедено имотни листови и сметководствено

се евидентирани на сметката на Органот на општина Центар. Еден од евидентираните деловните објекти е добиен со замена, односно добиен е објект на друга локација, но со поголема квадратура од првичниот, при што Градоначалникот склучил анекс кон договорот, но за оваа трансакција не е донесено решение од Советот на општина Центар;

- ✓ преземени се законски мерки према инвеститорите кои не ги почитувале одредбите од договорите за здружување на средства за заедничка градба на деловни простории и за истите извршено е прекнижување со намалување на состојбата на позицијата Државен јавен капитал, а зголемување на состојбата на позицијата Пасивни временски разграничувања;
- ✓ надминати се недостатоците во делот на директни исплати на средствата од сметката на Буџетот на општината и следење на наплатата на надоместокот за уредување градежно земјите одобрено на рати.

**15. Ревизијата смета за потребно да го обелодени следново:**

Општина Центар не води регистар на издадени одобренија за градба. Во текот на ревизијата, не беа доставени на увид сите одобренија за градба издадени во 2006 година, за кои постојат уплатени средства. Поради тоа ревизијата не обезбеди доказ дека за сите издадени одобренија за градба се уплатени средства.

**Скопје 28/03/2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 296,304 | 372,148 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 4,067 | 3,552 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 51,659 | 31,410 |
| **Вкупно приходи** | | **352,030** | **407,110** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.4.1. | 23,915 | 19,705 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.4.2. | 1,500 | 90 |
| Стоки и услуги | 3.4.3. | 57,763 | 51,516 |
| Субвенции и трансфери | 3.4.4. | 3,439 | 4,059 |
| Социјални бенефиции | 3.4.5. | 741 | 642 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **87,358** | **76,012** |
| **Капитални расходи** | 3.5. | **254,565** | **294,598** |
| **Вкупно расходи** | | **341,923** | **370,610** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **10,107** | **36,500** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 10,106 | 36,500 |
| Побарувања | 4.1.2. | 55,460 | 52,050 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 366 | 0 |
| Аванси за капитални средства | 4.1.4. | 30,847 | 30,847 |
| **Вкупно тековни средства** | | **96,779** | **119,397** |
| **Вкупна актива** | | **96,779** | **119,397** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.2.1. | 366 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 96,413 | 88,550 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **96,779** | **88,550** |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| Извори на капитални средства | | 0 | 30,847 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **0** | **30,847** |
| **Вкупна пасива** | | **96,779** | **119,397** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 1005 – 252/13***

**Скопје, 05/05/2008**

Врз основа на член 23 став 7 и 8 од Законот за државна ревизија („Службен весник на РМ“ број 65/1997, 70/2001, 31/2003, 19/2004, 70/2006, 133/2007 година) од Виолета Аларова, градоначалник и одговорно лице за 2006 година, за работењето на Општина Центар, добиен е приговор по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансискиот извештај за 2006 година кај Општина Центар, Сметка за Буџетот на општината.

***Р Е Ш Е Н И Е***
***по поднесен приговор на Конечниот извештај***

1. Приговорот на точките 11.1.1. и 15. од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2006 година кај Општина Центар, Сметка за Буџетот на општината, **не се прифаќаат.**

2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во Годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2006 година кај Општина Центар, Сметка за Буџетот на општината, поднесен е приговор заведен во Државен завод за ревизија под број 1004 – 252/11 од 29/04/2008 година.

Образложенијата за неприфаќање на приговорите се следните:

1. Приговорот на **точката 11.1.1.** од Конечниот извештај кој се однесува на констатацијата дека Општина Центар не остварува приходи по основ на такса за истакнување реклами, објави и огласи на јавни места, иако во Одлуката за висината на комуналните такси во општина Центар има определено тарифа, **не се прифаќа**, од причина ревизорите при формирање на наодот според кој општината Центар не остварувала приходи во 2006 година по основ на такса за истакнување реклами, објави и огласи на јавни места, ги имаа предвид одредбите од Законот за градот Скопје, Законот за комунални такси и Законот за финансирање на единиците на локална

самоуправа. Имено, според одредбите од член 32, 33, 36 и 48 од Законот за градот Скопје, пропишана е обврска Градот Скопје и општините на градот Скопје да остваруваат приходи по основ на комунални такси, помеѓу другото и од истакнување реклами, објави и огласи на јавни места и за истиот вид се утврдува такса за наведените комунални услуги. Кон ова би додале дека во општината Центар е донесена одлука за висината на комуналните такси и тарифа за истите, што укажува на констатацијата дека со донесената одлука се воспоставени предуслови за остварување на приходи по овој основ, но истите не се искористени.

2. Приговорот на **точката 15.** од Конечниот извештај кој се однесува на обелоденувањето дека Општината Центар не води регистар на издадени одобренија за градба, **не се прифаќа,** од причина што доставените 28 одобренија за градење не се вистински доказ дека се доставени сите одобренија издадени во текот на 2006 година, а за кои постојат уплатени средства, особено од фактот што општинската администрација не води регистар.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Главен државен ревизор**
**Тања Таневска**